**„ARHIVIST", časopis Saveza društava arhivskih radnika Jugoslavije i arhiva u Jugoslaviji, godina XX/1970, br. 1, str. 84., Ljubljana**

Во последниот број на списанието „Архивист", списание на Сојузот на друштвата на архивските работници на Југославија и архивите во Југославија, застапени се рубриките: статии, извештаи и записи, прикази на публикации, прилози и статии и библиографија.

Во рубриката статии и расправи поместена е статијата на Милош Милошевиќ, Виш архивист во Котор, „Објавувањето на архивската граѓа". Објавувањето на архивската граѓа е едно од доста поставуваните, дискутираните и сè уште дискутабилните прашања во архивската служба. Тоа, како што констатира и самиот автор, влегува во рамките на научните задачи и е една од најспецифичните и најодговорните од тој вид. Издавањето на архивската граѓа, поточно изворите, треба да се наоѓа на крајот на архивскиот работен процес, како негов завршен и најсовршен резултат, поради што главната особина на оваа дејност е таа што истата се наоѓа на границата на „чистата" архивистика. Затоа, оваа дејност, покрај својата архивска компонента, во добар дел навлегува и во научно-истражувачкиот домен, констатира авторот.

Во натамошното излагање авторот ги изнесува архивските компоненти на издавачката дејност, односно на објавувањето, а тоа се следниве: потреба од заштита на документите, олеснување на работата на научните иследувачи и задоволување на општествената улога на архивските установи во пропагирање на научната мисла во пошироките слоеви. Од аспектот на другата страна на овој проблем — научноистражувачката, авторот оправдано го поставува прашањето дали архивските установи имаат легитимација за ваквата дејност. Научната компонента истакнува две работи: прво, дека ова подрачје во целина не е само архивско, туку им припаѓа на чисто научните установи и првенствено нив, и второ, тоа не може да претставува форма на некоја редовна и основна обврска на секој историски архив како што се, на пример, средувањето, инвентирањето и др. Авторот донесува правилен заклучок констатирајќи дека за да се занимаваат архивите со овој проблем потребно е во своите редови да изградат соодветен лик на архивист-истражувач, кој ќе биде способен да решава и вакви задачи што е случај во многу земји во светот. Ова е нужно и од гледиштето: како да се пристапи кон одговорната работа на објавувањето на информативните помагала. За таа цел мора да се избере пат кон создавање и негување во архивите на еден дел од кадарот со научно-истражувачки интерес, заклучува авторот на крајот од поглавјето што говори за архивите и објавувањето на граѓата.

Поставувањето на овој проблем како дел од дејноста на архивските установи што авторот правилно го разработува, наметнува едно друго нерешено прашање во архивската служба, а тоа е прашањето за профилот на кадрите во истата. Имено, објавувањето на издавачката дејност во поедини развиени архиви бара извесно насочување на кадарот во научен правец, но за жал во архивската служба на тоа сè уште се гледа како на опасност за служ-

бата, а не како на неминовна потреба на степенот на денешниот развој.

Во второто поглавје на статијата, авторот го разработува проблемот на соработката меѓу научните установи и архивите и тематските граници во работата на архивите на издавањето на изворите, при што констатира дека тесната колаборација на научните и архивските установи е пат кој, во врска со издавањето, најчесто се користи во светот. На крајот дава неколку интересни примери од светското искуство каде се гледа ваквата соработка.

Во третото поглавје разработени се основните принципи на работа во објавувањето на граѓата. Авторот ги наведува следниве принципи: одредување на темата, намена на изданието и одбирање на документите; утврдување на изворниот текст; наслов на документите; легенда; превод или регест во проширена форма за документите на странски јазици; критички апарати; а) предговор, б) забелешки, в) хроника на настаните, г) попис на користената граѓа, д) список на кратенките, ѓ) показател, е) библиографија; додатоци; избор на илустрации. Разработен е подетално секој од наведените принципи и дадени се осврти на поодделни примери.

На крајот од трудот, авторот посочува многу опширна библиографија на користени трудови при изработката на трудот, така што се зголемува вредноста на оваа извонредно добра статија.

Во статијата „Некои методолошки искуства во објавувањето на архивската граѓа во Зборникот на документи и податоци за Народноослободителната војна на југословенските народи“, авторот м-р Витомир Грбац изнесува свои искуства од работата на објавувањето граѓа за НОВ што го врши Војно историскиот институт во Белград. Досега се објавени над десет томови (Македонија во бр. VII), а пет томови се во подготовка или во меѓувреме излезени од печат. На почетокот авторот дава преглед на објавените томови, а понатаму ги разгледува следниве прашања: принципите на распоредувањето на граѓата, изборот на документите, примената на јазикот, формирањето на насловите на документите, описот на документите, утврдувањето датумите на документите, објавувањето на имињата, потписите, нејасните и оштетените текстови, забелешките и коментарите, меѓусебното поврзување на документите, изоставувањето на деловите од текстот, уводните забелешки, регистрите и фотокопиите за кои поодделно изнесува свои сознанија стекнати во текот на работата на оваа материја.

Во врска со примената на јазикот авторот изнесува дека е применет јазикот на соодветното јазично подрачје, со исклучок на VII том (Македонија). Авторот оценува дека тоа е недостаток, но и самиот не дава одговор зошто е така постапено.

Во рубриката „Извештаи и записи“ поместени се написи главно од организациона природа и работата на архивите и друштвата. Тоа се: „Новите прописи за архивите донесени во 1969 година“; „Прашањето за заедница на југословенските архиви“; „Состојбата, проблемите и задачите на Архивот на Босанска Краина во Бања Лука по катастрофалниот земјотрес“; „Јавноста во самоуправувањето и заштита на тајната“; „Годишно собрание на Друштвото на архивските работници во

Црна Гора“; „Школувањето на архивскиот кадар во Демократска Република Германија“.

Поинтересни за нас се „Јавноста во самоуправувањето и заштитата на тајната“ каде авторот Митар Дамјановиќ укажува на можноста архивите како преземачи на архивската граѓа од различни установи и стопански организации да станат потенцијални оддавачи на службена и државна тајна, поради што е потребна соработка меѓу едните и другите и попрецизно регулирање на тајната во нормативните акти, како и написот на Јелена Аќимовиќ-Мариќ за школувањето на архивскиот кадар во ГДР. Во овој напис изнесено е дека до 1958 година во ГДР постоел специјален институт за архивистика, а тогаш е присоединет кон Хумболтовиот универзитет како посебна група за архивистика. Школувањето на оваа група трае 5 години. Школувањето на средниот кадар се врши на Стручната школа за архивистика (Fachschule für Archivwesen), а нижиот кадар се школува преку праксата и посетувањето на теоретските предавања, заклучува авторот.

Во рубриката „Прикази на публикации, расправи и статии“, Драгоје Игњатовиќ се осврнува на книгата „Светозар Милетиќ и народна странка, граѓа, 1860—1865“, I—II. Сремски Карловци, Историски архив АП Војводина, 1968, 1969, с. 712. 782. Уводни текстови, избор и објаснувања Никола Петровиќ; Средое Лалиќ се осврнува на книгата „Теория и практика архивного дела в СССР“ во редакција на проф. Л. А. Никифорова и доц. Г. А. Белов, изд. „Высшая школа, Москва 1966. 470 стр. Даден е осврт на статијата од Alfred Wagner „DIE UNESCO UND DAS ARCHIVWESEN“, „Der Arhivar“. Mitteilugsblatt für deutsches Archivwesen. 22. Jahrgang, Јули 1969, св. 3. и на крајот Милица Кацин — Wohinz се осврнува на книгата »ARHIVI DI ‚GIUSTIZIA E LIBERTA‘ (1915—1945«, Inventario a cura di Costanzo Casucci, изд. Ministero dell' Interno, Publicazioni degli archivi di stato, Roma 1969, XIX + 259 стр. + 7 факсимили.

Во рубриката библиографија Јанез Кос прикажува ретроспективна библиографија на публикации од архивските установи и друштва во Југославија, 1945—1965 година. Во неа се прикажани 305 наслови распоредени под републики, архиви и друштва. Библиографијата опфаќа: 1. списанија, годишници и зборници; 2. архивистика; 3. инвентари, водичи; 4. објавување на граѓа, регести; 5. историски публикации: 6. каталози на архивски изложби; 7. друго (и библиографија).

На крајот, на две страници на француски јазик направено е резиме на содржината на списанието.

**Н. В.**

## Sz. Ormos Mária: Merénylet Marseille-ben (Budapest, 1968. 224. 1.)

Кон крајот на 1968 година во едицијата „Популарна историја“, а во издание на унгарското книгоиздателство „Кошут“ излезе од печат трудот на С. Ормош Марија „Атентат во Марсеј“. Трудот претставува